РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 04-105/8
04.02. 20 19 год.
ВАСИЛЕВО

Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Градоначалникот на општина Василево донесе:

# О Д Л У К А

## за избор за унапредување на административни службеници по интерен оглас

1.По интерниот оглас бр.1/2019 за унапредување на административен службеник во Општина Василево објавен на 23.01.2019 на веб страната на Општина Василево и Агенцијата за администрација, за работно место УПР 01 01 Б04 000 Раководител на Одделение за комунални работи, уредување на градежно земјиште и Локален Економски Развој, Одделение за комунални работи,уредување на градежно земјиште и Локален Економски Развој -1 извршител, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат :

**-Бранко Андонов**

2.Градоначалникот на општина Василево во рок од пет дена по конечноста на Одлуката ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Општина Василево и на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Општина Василево, во кој беше објавено работно место УПР 01 01 Б04 000 Раководител на Одделение за комунални работи, уредување на градежно земјиште и Локален Економски Развој, Одделение за комунални работи,уредување на градежно земјиште и Локален Економски Развој -1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното месо, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 04-105/5 од 31.01.2019 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви Записник заведен под бр.04-105/6 од 01.02.2019 година.

На ден 01.02.2019 година Раководителот на институцијата,Градоначалникот на Општина Василево спроведе интервју и Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник состави Записник 04-105/7 од 01.02.2019 година година и Финална ранг листа со интервјуираните кандидати со Предлог одлука за избор на прворангираните кандидати.

Согласно член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), „Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник“.

Имајќи го во предвид наведеното, Градоначалникот на Општина Василево одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Општина Василево

Градоначалник

Марјан Јанев

Република Македонија Општина Василево
ГРАДОНАЧАЛНИК
ВАСИЛЕВО